**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

за верификација на Одлуката на Надзорниот одбор за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година

Скопје, декември 2018 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст), а во врска со член 489 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на ______12.2018 година донесе

# **О Д Л У К А**

за верификација на Одлуката на Надзорниот одбор за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година

1. Собранието на акционери ја верификува Одлуката на Надзорниот одбор за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година, Н.О. бр.2834 од 09.11.2018 година.

2. Одлуката за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година представува интегрален дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

| | |
|---|---|
| С. О. Бр. _________ | **СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ** |
| _______2018 год. | Претседавач |
| Скопје | |

**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година

Скопје, Ноември 2018 година

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст), а во врска со член 489 од Законот за трговски друштва, и Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Сл. Весник Бр. 47/12...218/16) Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 09.11.2018 година донесе

**О Д Л У К А**

за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година

1. Стопанска банка АД - Скопје (СБ) ќе изврши исплата на аванс на дивиденда по приоритетни акции за 2018 година во вкупен износ од МКД 1.137.220,00 или бруто износ од МКД 5,00 по акција, согласно периодичните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година.

2. Авансната исплата на дивиденда на приоритетните акции од точка 1 од оваа Одлука ќе биде исплатена од добивката на Стопанска банка АД – Скопје, реализирана во првата половина на 2018 година односно до 30.06.2018 година.

3. Основицата за пресметка на авансот на дивидендата изнесува МКД 90.977.600,00 денари (227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400,00 по акција).

4. Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на авас на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга е 26.12.2018 година.

5. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 24.12.2018 година.

6. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 25.12.2018 година.

7. Дивидендата ќе се исплати во вид на еднократно плаќање во законски предвидениот рок.

8. Рок за известување на акционерите кои имаат право на аванс на дивиденда за 2018 година е најдоцна 5 дена од одржаната седница на Собранието на акционери. СБ ќе го објави известувањето во најмалку еден дневен весник и на веб страницата на СБ.

9. Оваа Одлука ќе се иплементира доколку: а) Народна банка на Република Македонија даде согласност на Одлуката за утврдување на дел од тековната добивка која ќе биде вклучена во пресметката на редовниот основен капитал, б) Собранието на акционери ја донесе Одлуката за

прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, со што се постигнува минимум адекватност на капиталот од 15,5% и в) Оваа Одлука за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година е верификувана од страна на Собранието на акционери.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

| | |
|---|---|
| Н.О. бр. _______ | **НАДЗОРЕН ОДБОР** |
| 09.11.2018 | Претседавач, |
| С к о п ј е | Маринис Стратопулос |

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Одлуката за издавање на акции во Втора емисија СО. бр. 32/20.06.1991, Одлуката за издавање на акции во Четврта емисија СО.бр. 102/30.05.1996 година и Статутот на СБ, пречистен текст од декември 2016 година, а во согласност со одредбите на член 489 од ЗТД, одредбите од Одлуката за за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Сл. Весник Бр. 47/12...218/16) како и врз основа на периодичните финансиски извештаи за периодот 01.01.2018 година до 30.06.2018 година ревидирани од овластен ревизор, Стопанска банка АД - Скопје ќе изврши исплата на аванс на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2018 година.

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметка, основицата за пресметување и начинот на исплатата на аванс на дивидендата на имателите на приоритетни акции.

Согласно понапред цитираните Одлуки за издавање на акции, аванс на дивидендата по приоритетни акции се утврдува во висина на каматата на средствата (штедните влогови) на население орочени на 1 (една) година, зголемена за соодветниот процентен поен кој се утврдува со Одлуката за каматни стапки на СБ донесена од Комисијата за управување со активата и пасивата на СБ. Од март 2006 година, наведенета дополна на каматна стапка на орочени депозити се утврдува на 1 процентен поен. Истиот начин на пресметка на аванс на дивиденда беше применет и за тековната 2018 година.

Основица за пресметка на дивидендата е износот од МКД 90.977.600,00 денари, односно 227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400,00 денари по акција.

Вкупниот износ на аванс на дивиденда за приоритетните акции за 2018 година е МКД 1.137.220,00 или бруто износ од МКД 5,00 по акција. Авансот на дивидендата која се исплаќа на домашни и странски физички лица е предмет на персонален данок на доход, а дивидендата на странски правни лица е предмет на данок на задршка во согласност со Законот за персонален данок на доход и Законот за данок на добивка.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, се предлага Надзорниот одбор на СБ да ја донесе оваа Одлука.

Скопје, Ноември 2018 година